КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

## НОЕМВРИ 2020




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 3224 229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Позитивните вести за развојот на вакцини против Корона вирусот, како и позитивната перцепција на пазарите за резултатите од претседателските избори во Соединатите Американски Држави, доведоа до зголемување на вредноста на глобалните пазари на капитал во текот на месец ноември за 12,21% (мерени преку MSCI ACWI индексот). Најголем раст во текот на месецот имаа европските акции чија вредност се зголеми за 13,73% (мерени преку STOXX 600 индексот) и акциите на американските компании со раст од 10,75% (мерени преку S&P 500 индексот).

Од почеток на годината, најголем раст на вредноста имаат американските акции чија вредност се зголеми за 12,10% и акциите од Азиа - Пацифик регионот со раст од 10,88% (мерени преку MSCI Asia - Pacific), а пад на вредноста имаат само европските акции, чија вредност се намали за 6,37%.




MSCI Asia - Pacific - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 14 земји од регионот Азија-Пацифик
MSCI Emerging Market - Индекс кој ги следи движењата на акциите во 26 земји во развој
STOXX 600 - Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 - Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI - Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 49 држави
Извор: Блумберг

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk



# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Во овој месец вредноста на МБИ 10 индексот се зголеми за 1,11%, со што вкупниот пад од почеток на годината се намали на 3,68%.

Во текот на месецот акции кои имаа значителен раст беа акциите на Комерцијална Банка со раст од 3,54% и Стопанска Банка Скопје со раст од 1,98%, а најголем пад имаа акциите Стопанска Банка Битола чија вредност се намали за 2,14% и акциите на Македонски Телеком со пад од 2,02%. Од почеток на годината најголем пад на вредноста имаат акциите на Македонија Турист со пад од 34,28% и ТТК Банка со пад од 16,57%, а за истиот период најголем раст имаат акциите на НЛБ банка со раст од 7,73%, Комерцијална Банка со раст од 5,80% и Алкалоид чија вредност се зголеми за 5,04%.




Извор: Блумберг



КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

## ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Неизвесноста во економијата предизвикана од корона-вирусот, како и мерките кои беа превземени од централните банки доведе до голема волатилност на приносите и цените на државните обврзници.

Од почеток на годината значителна волатилност имаа македонските, руските, италијанските и американските државни обврзници. На крајот на месец ноември највисок принос од анализираните обврзници имаа руската обврзница со принос од 2,39% и македонската обврзница со принос од 1,39%, додека германската и швајцарската обврзница имаа најниски приноси од -0,57% и -0,52% соодветно.

### Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници




* Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 01/18/2025
Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец ноември најголем пад во однос на еврото имаа американскиот долар (USD) која ја намали вредноста во однос на еврото за дополнителни 2,34% и јапонскиот јен (JPY) со пад од 2,03%, додека значителен раст имаа австралискиот долар (AUD) со раст од 2,04% и руската рубља (RUB) со раст од 1,85%.

Од почеток на годината најголем пад во однос на еврото имаат руската рубља (RUB) чија вредност се намали за 23,61%, американскиот долар (USD) со пад од 5,99% и британската фунта (GBP) со пад од 5,54%, а единствено швајцарски франк (CHF) ја зголеми минимално вредноста за 0,10%.




Извор: Блумберг